Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-753/4
15.10 202 5 год.
СКОПЈЕ

**Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКИОТ ПЛАН 2022-2025 НА ПРИВАТНАТА НЕПРОФИТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА САМОСТОЈНА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ СЕПТЕМВРИ 2024 – СЕПТЕМВРИ 2025

Согласно со Статутот на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје, Генералниот менаџер на Високата школа е должен еднаш во годината до Одборот на Директори да достави ИЗВЕШТАЈ за спроведување на Стратегискиот план на Бреинстер Некст. Поаѓајќи од наведеното, потребно е накратко да се отсликаат сите активности што се одвивале на Бреинстер Некст во периодот од Септември 2024 до Септември 2025 година и претставуваат остварување на стратегискиот план:

## I. НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

1. Во извештајниот период, Високата школа ја продолжи континуиранaта реализација на својата образовна мисија преку имплементација на современи методологии, практична примена на знаењето и активна поврзаност со индустријата. Акцентот беше ставен на интеграција на теоријата со реалното работно искуство, како суштински сегмент на дуалниот модел на образование кој го развиваме од самото основање. Практичната обука, хакатоните, проектните задачи и партнерските соработки им овозможија на студентите да ги применат стекнатите компетенции во реални услови и да развијат клучни професионални и меки вештини барани на пазарот на трудот.

   Индикаторите што следуваат ги одразуваат обемот и ефектите од овие активности, вклучително бројот на студентите кои учествувале во проекти, хакатони и реализирале пракса во компании со кои СВСШ Бреинстер Некст има воспоставено активна соработка.

   Студентите се упатија на пракса во компании како: Brainster, Театар Комедија, Factum ai, Државен завод за статистика, NextHop, Smidgin, Хелсиншки комитет, Микросам, 42Dynamics, Масит, Gemen, Bell cards, Koma Studio, prodact, Damilah, KAM, Sparkasse, Johnsson Matthey, RZLT, Pabau, Quipy и други.

   <u>**Индикатори:**</u>

   - 8 организирани хакатони. Во октомври 2024 година, мај/јуни 2025 година и септември 2025 година се одржаа седум хакатони на кои учество земаа нашите студенти.
   - 268 студенти кои учествуваа на хакатонот.
   - 89 студенти реализираа пракса во компании од индустријата.

2. Во рамки на стратегискиот приоритет за социјална одговорност и достапност на образованието, СВСШ Бреинстер Некст го задржа и понатаму го унапреди моделот „Студирај сега, плаќај по дипломирање/вработување". Овој модел претставува иновативен пристап кон финансиската достапност на високото образование и овозможува секој талентиран кандидат да стекне квалитетно образование без финансиски пречки. Во извештајниот период моделот се утврди како клучна алатка за привлекување и задржување на квалитетни студенти, но и како пример на општествено одговорна практика во национален и регионален контекст.

   **Индикатори:**

   – Во академската 2024/2025 година овој модел на отплаќање на школарината го користеа 36 студенти на Бреинстер Некст Колеџ, од вкупно запишани 83 студенти.

3. Во согласност со целта за развој на релевантни и современи студиски програми усогласени со пазарните потреби, Бреинстер Некст во текот на извештајниот период ги продолжи активностите за акредитација на нова студиска програма "Дигитален маркетинг". Процесот за акредитација на програмата „Примена на информациски технологии и вештачка интелигенција во дигитален маркетинг" која беше одбиена во предходниот обид, беше ревидиран согласно забелешките добиени од Агенцијата за акредитација. Иако иницијалните постапки за предвремена реакредитација не беа одобрени, институцијата ги ревидираше наставните планови, методологијата и курикулумите со цел усогласување со најновите критериуми и меѓународни стандарди.

   **Индикатори:**

   - 1 започната постапка за акредитација на нова студиска програма Дигитален маркетинг

4. Исполнување на квотите на сите додипломски студиски програми кои ќе се акредитираат и лансираат. Во насока на континуиран развој и стабилност на студентското тело, СВСШ Бреинстер Некст ги следи и анализира резултатите од уписната политика и исполнетоста на квотите за секоја студиска програма. Постигнатите резултати потврдуваат стабилен раст и постепено консолидирање на институцијата како доверлив избор за идните студенти. При тоа, се согледува поголема застапеност на кандидатите за новата студиска програма во областа на дигиталниот дизајн, што укажува на зголемен интерес за визуелните и интерактивни технологии.

**Индикатори:**

- Во извештајниот период е опфатена третата академска година од функционирањето на Бреинстер Некст Колеџ. Согласно Одлуката за утврдување број на студенти, услови и критериуми за рангирање и селектирање на студенти за запишување на прв циклус стручни студии во учебната 2024/2025 година, утврдени беа следните квоти: 75 студенти за студиската програма Софтверско инженерство и иновации и 50 студенти за студиската програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии
  Во рамки на утврдените квоти, во академската 2024/2025 година се запишани вкупно 83 студенти, распределени како што следи: 41 студент, односно 54,6% од предвидената квота на студиската програма Софтверско инженерство и иновации и 42 студенти, односно 84% од предвидената квота на студиската програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии
  Овие податоци укажуваат на значителен пораст од 36% во однос на претходниот извештаен период и на стабилен тренд на раст на интересот за двете програми, особено за областа на дигиталниот дизајн и интерактивните технологии.

5. Овозможување на врвно студентско искуство преку студирање на врвни програми чиј курикулум е усогласен со индустријата и преку единствен во државата Student Success тим кој се грижи за студентите во текот на целото нивно академско патување.

**Индикатори**

- Студентите го оценија целокупното задоволството со процечна оценка 9,02 на двете студиски програми заедно, односно оценка 8.86 на студиската програма по софтверско инженерство и иновации и оценка 9.16 на студиската програма примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии

- Стапка на студентско задоволство (1-5) од предавањето на предметниот наставник - 4.77 на студиската програма по софтверско инженерство и иновации и оценка 4.67 на студиската програма примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии

- Стапка на студентско задоволство од предмет - 4,69 на студиската програма по софтверско инженерство и иновации и оценка 4.66 на студиската програма

примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии

6. Обезбедување на кариерна поддршка на студентите и имплицитно загарантирано вработување по дипломирањето е поставено како точка во стратегискиот план. Кариерната поддршка е интегрирана компонента на стратегискиот план и претставува практична реализација на концептот на дуално образование. Центарот за кариера обезбеди системска поддршка на студентите при нивниот премин кон пазарот на трудот преку индивидуални советувања, кариерни сесии, симулации на интервјуа и директни контакти со компании. Овие активности овозможуваат студентите уште за време на студиите да се подготват за реални професионални ангажмани.

   **Индикатори:**
   - Во Јуни 2025 година, од страна на Бреинстер и центарот за Кариера на Бреинстер Некст е организиран саем за вработување каде што се појавија 77 студенти на Бреинстер Некст од двете активни студиски програми.
   - Центарот за кариера на Бреинстер Некст организираше кариерна сесија од сертифициран советник за кариера
   - Студентите од студиската програма по Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии присуствуваа на портфолио сесија со портфолио професионалец од индустријата.

7. Воведување и тестирање на хибридна настава за определени предмети со цел подобрување на искуството на студентите и следење на најновите трендови во образованието.

   **Индикатори:**

   - Во академската 2024/2025 година на предметот Развој на игри на студиската програма софтверско инженерство и иновации се реализираше целосно онлајн хибридна настава.

8. Во извештајниот период од септември 2024 до септември 2025 година Високата школа продолжи со систематска дигитализација и автоматизација на административните процеси, преку континуирана надградба и оптимизација на платформата I.Am.Next, која е развиена интерно од вработените на Бреинстер Некст. Во рамките на овогодинешните активности, платформата беше проширена со нови функционалности кои овозможуваат поцелосно управување со административните и академските процеси. Континуираната работа на

подобрување на I.Am.Next претставува значаен дел од стратегиската ориентација на установата кон дигитална трансформација и ефикасно управување со академските процеси. Со воведените подобрувања, Високата школа создава основа за целосно интегриран академско-административен систем кој ќе овозможи уште поголема функционалност, прецизност и достапност на услугите за студентите и наставниот кадар.

**Индикатори:**

- Автоматизацијата на процесот на пракси и воведување на нов сегмент на платформата наречен Interships, дигитализација на процесот на дипломирање преку воспоставување на упатство и автоматизиран систем за пријава, автоматизација на Уверение за целосно завршена програма, ажурирање на постоечките потврди кои ги генерира системот, воведување на опција за регенрирање на поголем Batch на потврди согласно студиската програма.
- Времето за обработка на административни барања е намалено за 50%, споредено со традиционалниот начин на работа.
- Системски решени и обработени 100% од барањата на студентите преку дигиталните платформи

9. Зголемување на проодноста на студентите секоја година преку повеќе оперативни активности.

**Индикатори:**

- Менторските средби претставуваат задолжителен сегмент од редовното изведување на наставата и имаат суштинска улога во обезбедување на континуирана академска поддршка на студентите. На секој предмет во рамките на двете студиски програми се реализираат менторски средби со студентите кои изразиле потреба за дополнителна помош или за кои наставниот кадар утврдил потреба од дополнителна насока и поддршка. Во одредени предмети, како што е Имплементација на решение, менторските средби се интегрирани во самата методологија на наставата и претставуваат составен дел од редовниот процес на работа на студентите. Овој пристап овозможува индивидуализирана поддршка, навремено препознавање на предизвиците и поттикнување на академска одговорност и напредок.

- Стапка на присуство на студентите на настава - Стапката на присуство на студентите на настава во извештајниот период изнесува 70,76% на студиската програма Софтверско инженерство и иновации и 80,65% на студиската

програма Примена на информациски технологии – Дигитален дизајн и интерактивни технологии. Овие податоци укажуваат на стабилна вклученост на студентите во наставниот процес и потврдуваат дека воспоставениот систем на менторство и поддршка има позитивен ефект врз нивната редовност и мотивација.

- Намалувањето на бројот на отпишани студенти во академската 2024/2025 година претставува јасен показател за подобрување на проодноста. На двете студиски програми на Бреинстер Некст се запишани вкупно 83 студенти, а од претходната академска година продолжија со студии 90 студенти, односно вкупно 173 студенти во активен статус. Во периодот од септември 2024 до септември 2025 година се отпишале вкупно 5 студенти, што претставува само 4,7% од вкупниот број студенти. Компаративно со претходниот извештаен период, кога стапката на отпишани изнесуваше 30,4% во првата академска година и 10% во втората академска година, забележано е значително подобрување и стабилизирање на студентското тело. Овие резултати ја потврдуваат ефективноста на применетите мерки за академска поддршка и следење на напредокот.

- Во периодот од септември 2024 до септември 2025 година, Високата школа реализираше и поддржа бројни дополнителни активности насочени кон збогатување на студентското искуство и поттикнување на практичните компетенции. Обезбедени беа повеќе од 10 гостински предавања од релевантни експерти од индустријата, како и 7 организирани хакатони на кои активно учествуваа студентите. Обезбедена и реализирана е платена пракса за вкупно 89 студенти, што претставува значаен напредок во делот на практичната подготовка и вработливоста. Покрај тоа, студентите активно учествуваа во низа едукативни и промотивни настани, меѓу кои серијата „Од креативност до кариера", саемот за вработување организиран од основачот на Бреинстер Некст и Центарот за кариера, како и учества на конференции и работилници, вклучувајќи ја конференцијата What the Steck и работилницата за презентациски вештини за студентите од двете студиски програми. Овие активности придонесуваат за развој на професионални, комуникациски и претприемнички вештини, како и за зголемена мотивација и вклученост на студентите во академскиот живот.

10. Поддршка на претприемничкиот дух на нашите студенти, преку поврзување на високото образование, истражувањето и бизнисот за обезбедување на интерактивна средина за учење.

<u>**Индикатори:**</u>

- Во извештајниот период, Бреинстер Некст потпиша и реализираше повеќе од 30 нови партнерства со бизнис заедницата. Во дел од овие компании студентите беа упатени на пракса, дел од компаниите ги подржаа хакатоните на кои учествуваа студентите на Бреинстер Некст. За практичните предмети имплементација на решение и предмет од индустрија, компаниите повторно работеа со студентите. Би ги споменала најзначајните компании: Театар Комедија, Johnsson Matthey, Државен завод за статистика на РСМ, Smidgin, Бреинстер Некст.

11. Во академската 2024/2025 година, Бреинстер Некст ја продолжи својата стратегија за интернационализација на наставниот процес и интегрирање на најдобрите светски практики во образованието. Иако во овој извештаен период не беа ангажирани класични странски гостински предавачи, наставниот процес беше значително збогатен преку зголемен број на експерти од индустријата со докажано меѓународно искуство и активна соработка со компании кои функционираат на глобалниот пазар. Преку овие експерти студентите добија можност да се запознаат со современи технологии, глобални работни процеси и нови методологии во областа на ИТ, дизајнот и иновациите. Овој пристап овозможи трансфер на релевантни меѓународни знаења и стандарди во наставата, што придонесе за зголемување на квалитетот на наставниот процес и за подобра подготвеност на студентите за професионална интеграција во меѓународни деловни средини. Ваквиот модел на соработка претставува природен чекор во насока на реализација на визијата на Бреинстер Некст создавање високообразовани, иновативни и глобално компетитивни кадри.

**Индикатори:**

- На студиската програма „Софтверско инженерство и иновации" како експерти со меѓународно искуство беа ангажирани: Јордан Кирковиќ (SSingular, PA, USA), Никола Кусибојоски (Loka, Inc., San Francisco) и Андреј Спасовски (NapNok games, Netherlands), Мартин Аврамовски (Engineer, Damilah, Uk), Бојан Јакимовски (Loca, CA, USA), Трајче Крстев (Ericsson, SWE).
- На студиската програма примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии како експерти со меѓународно искуство беа ангажирани: Сеид Таировиќ (Dashy Dash, CA), Томи Лукан (Symphony.is, San Francisco CA), Теоман Максут (PXC, UK).

12. Битна компонента во Стратегискиот план е и зголемување на квалитет и професионалниот развој на наставниот кадар преку негово ангажирање во дополнителни активности. Во рамки на извештајниот период, Бреинстер Некст

беше претставен на неколку меѓународни конференции и домашни конференции, на интернационална недела за АИ, преку објава на повеќе трудови и научно истражувачки проекти.

**Индикатори:**

- На семинари, работилници, конференции и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на настава присуствуваа 3 предавачи од Бреинстер Некст.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА АКТИВНОСТ

1. Зголемување на резултатите во научно-истражувачката активност на наставниот кадар преку поддршка во објавување на стручни и научно-истражувачки трудови во годишници, зборници од меѓународни конференции, домашни научни списанија и сл, учество на наставниот кадар на домашни и меѓународни проекти

**Индикатори:**

- Во академската 2024/2025 година, наставниот кадар на Бреинстер Некст активно работеше на научни и научно истражувачки трудови во релевантни меѓународни списанија и конференциски зборници. Некои од конференциите и списанијата каде што се објавени овие трудови вклучуваат: *INTED2025*, IATED, *Computers and Education: Artificial Intelligence*, International Week Algebra HR, Radiological Society of Nort America, European Committee for Treatment and Research in Multiple Sclerosis и други. Табеларно прикажано учеството на наставниот кадар е во прилог:

| Предавач | Труд/учество на конференција | Публикуван во | година |
|---|---|---|---|
| Д-р Ивица Пешовски | **MAPPING COGNITIVE SKILLS IN MATHEMATICS: THE IMPACT OF MEMORY AND SPEED ON PROBLEM-SOLVING PERFORMANCE.** | *INTED2025 Proceedings* (pp. 1214-1218). IATED | 2025 |
| Д-р Ивица | **Predicting Student Achievement through Peer Network Analysis for Timely Personalization via** | *Computers and Education: Artificial Intelligence* | 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пешовски | **Generative AI** | | |
| Д-р Ивица Пешовски | **AI in Education: Opportunities, Challenges and a New Teaching Framework** | International Week Algebra HR | 2025 |
| М-р Даниел Трпевски | **Models of Corticostriatal Synaptic Plasticity and Plateau Potentials in Striatal Projection Neurons.** | KTH Royal Institute of Technology and University of Edinburgh Stockholm, Sweden | 2024 |
| Д-р Томи Бошковски | **RSNA Annual Meeting** | Radiological Society of Nort America | 2025 |
| Д-р Томи Бошковски | **41st Congress of the ECTRIMS** | European Committee for Treatment and Research in Multiple Sclerosis | 2025 |
| | | | |

## III. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка останува стратешки приоритет насочен кон интеграција во европскиот и глобалниот академски простор. Во извештајниот период Високата школа ја интензивираше активноста во делот на аплицирање на меѓународни програми, создавање партнерства и вклучување во проекти финансирани од Еразмус+, Europian commission, European Union, Хоризонт Европа. Овие активности ја зајакнуваат институционалната позиција на Бреинстер Некст како современа високообразовна установа која активно соработува и придонесува во меѓународниот академски простор.

Меѓу клучните проекти и соработки на кои тимот на Бреинстер Некст аплицираше се:

- **Erasmus Virtual Exchange in WB:** Brain-ME, Empowering Youth Through Green Digital Innovation and Virtual Collaboration in the Western Balkans (Project

managament, hackaton for green digital innovations, online classes on digital storytelling, training of youth for social media campaing)

- **Erasmus Virtual Exchange in WB:** RE-ACT – Resilience, Engagement & Action through Civic Technologies (Self-paed modules, virtual lectures, live hackatons, virtual workshops (Lead). Participation in virutal events)
- **European commission:** Digital education: Ethical and effective use of generative Artificial Intelligence systems in education and training (Main task is to create an easy-to-use online platform with smart tools that save teachers time)
- **European Union:** Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година (Online hakaton, digital marketing campaign) - ВелоТех
- **European Commission:** AI:ADRIATIC 2030 – Building an Adriatic AI Talent and Innovation Ecosystem - Digital Europe: Digital Skills Academy in GenAi
- **EIT CC**: Gaming AI Mastery (Development of self-paced course for game development) UNESCO програма за ревитализација на STEM образованието
- **HORIZON -** Innovative approach to Intangible CH for societal resilience (Platform with immersive digital and AI elements, for ICH documentation)
- **HORIZON WIDERA -** Rolling out the ERA Policy Agenda results - (Research-to-job market approaches for Early Carrer Researchers developed, contact with the industry)
- **HORIZON -** Tech4Safe
- **HORIZON -** RESCUESEE - (Data visualization for climate research) .

Во наредниот период, Бреинстер Некст ќе продолжи да гради нови партнерства со национални и меѓународни институции, со цел да го прошири своето влијание и да обезбеди уште подобри можности за своите студенти и наставен кадар.

Генерален Менаџер

Александар Клашниновси